**Датум:   18/06/2018год.**

**ПОВИК ЗА ФАСЦИЛИТИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈ**

**Почитувани,**

Телевизија Плус Куманово го реализира проектот „Развој на општествена одговорност" финансиран од Фондација Отворено Општество Македонија, вид на грант - Поддршка за креирање содржини во локални медиуми.
За потребите на проектот е отворен повик за лице / експерт кој во период јуни – август 2018год. ќе вршиистражување со цел учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки и креирање јавни политики на локално ниво.
Давателот на услуги треба во биде вклучен како фасцилитатор на три фокус групи и тоа:

- Фокус група со претставници на граѓански организации и медиуми
- Фокус група со претставници од локални институции ( основни и средни училишта, Центар за вработување , Центар за социјални работи и др )
- Фокус група со млади од различни етнички заедници од 17 до 20год.

Давателот на услуга ќе треба да подготви и извештај/ Policy paper базиран врз основа на одржаните фокус групи: анализа, мапирање и решавање на локални проблеми предложени од страна на граѓаните.

ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ:

- Да развие и подготви методологија за фасцилитирање
- Да фасцилитира на три фокус групи од по 20 учесници
- Да подгтови извештај после секоја фокус група
- Да подготви извештај/Policy paper кој ќе биде презентиран во јавноста.

ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ:

- Да има завршено високо образование
- Да има искуство во: фасилитирање, обуки и работа со различна целна група
- Да има има искуство во пишување на извештаи и други документи наменети за пошироката јавност
- Да има искуство во најмалку 3 истражувања
- Способност јасно изразување
- Свесност за различноста на групата
- На конструктивен начин да решава несогласувања
- Да се креира простор каде учесниците ќе можат слободно да се изразуваат
- Да стимулира активно учество и да ги мотивира учесниците

Сите заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи: Прилог 1. Ваша биографија и Прилог 2. Пропратно писмо со краток опис за мотивот за пријавување наповикот на следната адреса: tvplusproject@gmail.com

или директно во канцелариите на ТВ Плус УЛ: Лековачка бр: 17 1300.

Краен рок за поднесување на документите е 22/06/(петок) 2018год до 16:00 час.

Со почит,

Драган Ивановски